ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
НАРОДЕН МУЗЕЈ - ШТИП
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

SÜD - OST INSTITUT
BERLIN
DEUTSCHLAND






Уметничка галерија "Безистен" Штип, 20.04.2000
Kunst galerie Süd - Ost Institut Berlin, 07.09.2000

**ВАЛБОНА** - Бона АТАНАСКОВСКА (1973) е графичар со образование, но брзо ќе му се посвети на сликарството со чии средства најсоодветно ќе го изрази својот темперамент и уметничка природа. Предмет на обработка се пејсажот, портретот и актот што зборува за цврста вкорененост во сопственото опкружие. Нејзините пејсажи се изработени по сеќавање но затоа се полни со светлина и топол фовистички сјај на бојата. Тие не се насликани со непосредно импресионистичко забележување туку ги содржат белезите на интензивно доживување во чинот на сликање како и знаењата за бојата и композицијата. Цртежот ја дефинира формата, третирана колористички и плошно и во низата актови од најнов датум. Со помош на линијата станале можни одделни скратувања и деформации, при што површината на платното е исполнета со големите тела.Нивните полни арабескни форми се добиени со смелите сечења на горниот дел од ликовите. Актовите на Бона немаат портретни белези покрај тоа што моделите се познати и предходно фотографирани. Таквата визуелна предлошка всушност и овозможува да изгради целини со стилизирани форми и извесна слобода на изразот. Посебно внимание е дадено на контурната линија како и на ритмичката поврзаност на целината.Во неа сепак преовладуваат живите колористички созвучја и експресивната модулација на широките обоени површини. Смислата за егзотичност придонесува за извесниот декоративен ефект на насликаните актови.

Овие дела, без оглед на кого ќе не потсетат имаат личен белег со посебен енергетски набој својствен на медитеранскиот сензибилитет. Валбоне - Бона Атанасковска не се поведува по модерните трендови туку го следи својот инстикт и ликовен резон. Во едно небајковито време нејзините дела го привлечат вниманието посебно со своите јасни и бујни форми, со боите од кои избива речиси детски чиста радост и една размена на енергии во два правци.

Владимир Величковски, член на AICA









**ЗОРАН** АТАНАСКОВСКИ - Цери (1966) изработил неколку фотографски серии на тема мртва природа и архитектура. Всушност, неговиот поглед е постојано насочен кон внатрешниот простор и надворешниот изглед на главно старата архитектура. Притоа, карактеристично е неговото доловување на мотивот - одвнатре кон надвор со што ги хармонизира или контрастира светло - темните односи и различните или сообразени пластични структури. Авторот му приоѓа на мотивот со афинитет и интерес барајќи во него израз на сопственото чувствување и ликовност која е сообразена со јазикот на фотографијата. Тој го избира аголот на снимање како и моментот кога се соединуваат потребните визуелни ефекти, штимунгот и интимното доживување.

Атанасковски доловува моменти кога сенките со топлата тонска гама стануваат сугестивни на естетски начин. Авторот ја пренесува тивката тајна на предметите согледани низ едноставна оптика. Атрактивноста на мотивот - некој аранжман со етно предмети не менува ништо во основната намера и резултатот. Во разните тематско - содржински структури се проткајува истата смисла за непосредна и јасна артикулација. Доколку има рутинерство во постапката тогаш таа е поврзана со знаење и вештина, со извесно фотографско естетско чувство.

Владимир Величковски, член на AICA

БИОГРАФИЈА

ЗОРАН АТАНАСКОВСКИ - Џери е роден на 04.04.1966 година во Скопје. Член е на "ФИАП" од 1991 година.
Во 1993 година завршил висока школа за фотографија при "Lette Verein" во Берлин, Германија.
Учествувал на повеќе групни изложби и колонии.

Самостојни изложби:

1997 - Младински културен центар - Скопје
1999 - Културно - информативен центар - Скопје
2000 - Уметничка галерија "Безистен" - Штип
2000 - Југ - исток Институт Берлин

Награди:

1966 - Награда на манифестацијата "100 најдобри светски фотографии" - Берлин, Германија
1998 - Прва награда за фотографија на " Денови на македонската фотографија - Штип 1998"



LEBENSLAUF

ZORAN ATANASKOVSKI - Jerry am 04.04.1966 in Skopje. Mietalied der "FIAP" seit 1991. 1993 hat Ev die Hochschule für Fotografie beim "Lette Vevein" - Berlin. Er Hat an mehraven gemeinsamen ausstelungen un Kustkolonien teilgenomen. Bishevige selbständige Ausstelungen.

1997 - Kulturcentrum für Jugendliche - Skopje
1999 - Kultur - informationszentrum - Skopje
2000 - Kunst galerie "Bezisten" - Stip
2000 - Süd - ost Institut Berlin

Pleise und Ausreichnunaen

1996 - die 100 Besten Wetfotografien - Berlin
1998 - dev evste Prais fur Fotografie bei dev manifestation: "Die Woche dev Mazedonischen Fotografien Stip 1998" - Stip





БИОГРАФИЈА

**ВАЛБОНА** АТАНАСКОВСКА е родена на 15.10.1973 година во Тирана. Во 1988 година има завршено двегодишен припремен курс за " млади таленти" (сликарство и цртеж). Во Тирана 1992 година завршила средно уметничко училиште - отсек сликарство. Во 1997 година дипломирала на Ликовната академија во Скопје на отсекот за графика и графички дизајн. Учествувала на повеќе заеднички изложби и колонии.

Самостојни изложби:

1989 - Интернационална галерија во Тирана
1992 - Интернационална галерија во Тирана
1994 - Приватна галерија " Т & Г" во Тирана
1998 - Отворено графичко студио при Музејот на град Скопје
1999 - Културно - информативен центар - Скопје
1999 - Дом на културата - Кочани
1999 - Работнички универзитет - Струмица
1999 - Дом на културата - Охрид
1999 - Дом на културата - Прилеп
2000 - Уметничка галерија " Безистен" - Штип
2000 - Југ - исток Институт Берлин



LEBENSLAUF

VALBONA ATANASKOVSKA ist am 15.11.1973 in Tirana geboren. 1988 hat sie den kurs für "Junge Talenten" In Daver von 2 Jaren abgeschlossen ( Malerei und Zeichnung).1992 hat Sie die mittelschule in Tirana bezucht (Haupfach: malerei). 1997 hat Sie studien in grafik am der Kunstakademie in Skopje Beendet. Sie hat am meheeren gemeinsamen. Ausstellungen und Kunstkolonien teilgenommen.

Bisherige selbständige Ausstellunggen

1989 - Internationale Kunstgalerie - Tirana
1992 - Internationale Kunstgalerie - Tirana
1994 - "T & G" Galerie - Tirana
1998 - Studio für Grafik beim museum der Stadt Skopje
1999 - Kultur - informationszentrum (KIC) - Skopje
1999 - Kulturanstalt - Kocani
1999 - Volkhohschule - Strumica
1999 - Kulturastalt - Ohrid
1999 - Kulturastalt - Prilep
2000 - Kunst galerie "Bezisten" - Stip
2000 - Süd - ost Institut Berlin






**VALBONA** - BONA ATANASKOVSKA (1973) ist für Grafiker gebildet aber befasst sich mit Malerei, weil dadurch können ihre Temperament und Kunstnatur besser zum Ausdruck kommen. Die Thermen ihrer Gëmalden sind die Landschaft, Porträt, der Akt und das alles heisst: feste Einprägung ihrer Umgebung. Ihre Landschaften sind nach Gedächtis gemait aber sind trotzdem voli mit Licht und warmen fovistchen Glanc der Farbe. Die sind nicht durch unmitteibare imprenististische Beobactung enstanden, sondern hier sind sowoht die Kennzeichen des persönlichen Erlebens beim Malen als auch ihre Kenntnisse über die Farbe und Kompositon zu spüren.
Ihre Skizze definiert die Form, auf eine koloristische Weise, sogar in ihren neuesten Akten. Mit Hilfe der Linie werden gewisse Verk: ürzungen und Deformationen möglich, und deshalb sind ihre Werke volt mit grosen Körpern. Diese Arabeske-Formen erfolgen durch Abschneiden der oberen Teilen der Gesichter. Die Akte von Bona haben keine Merkmale eines Porträts, obwohl die Modelle bekannt und vorher fotografiert sind. Diesse visuelle Perspektive ermöglicht ihr die stilistische Formen und die Freiheit des Ausdrucks aufzubauen. Die Kontur ist besonders betont, aber auch die rhutmiche Verknüpfung der Ganzheit. In ihrer Kunstwelt uberwiegen die lebhafte Koloristik und die expressive Modulattion der gröseren gefärbten Flächen. Ihr Gefühl fur Exotik ist ein Beitrag zu einem dekorativen Efekt in ihren Akten. Diese Werke haben auch einen persönlichen Merkmal, und viel Energie, typisch fur die mediteranische Sensibilität. Valbona Bona Atanasovska folgt nicht die modernen Trends, sie folgt ihre Instikte und Logik der Kunst. In einer nicht so märchenhaften Zeit sind ihre Werke aufzumerken, besonders wegen den deutlichen und mächtigen Formen mit den Farben, die eine intakte Kinderfreude und Austausch von Energie in beiden Richtungen ausdrucken.

Vladimir Velickovski, mietglied der AICA

**ZORAN** ATANASKOVSKI - Dzeri machte einige Fotoserien mit dem Motiv der toten Natur und Architektur. Seine Perspektive ist, eigentich stäting, zum innerlichen Raum und zum äusterlichen Aussehen der alten Architektur aufgerichtet. Dabei ist es bei seinen Motiven auch die folgende Perspektive sehr erwahnenswert; von innen nach drausen. Damit entweder harmonisiert oder konrastiert er die dunkle - helle Verhältnisse und natürlich die unterschiedliche plastische Strukturen. Der Autor interesiert sich für das Motiv und sucht darin einen Ausdruck seiner eigenen Gefühle und seiner Kunst, karakteristisch für die Sprache der Fotografie. Er wählt die Ecke der Aufnahme, das Moment wo alle visuelle Efekten zum Asdruck kommen,die Stimmung und das intyme Erlebniss. Atanaskovski druckt diesen Moment aus, wenn die Schatten mit ihren warmen Gamma Strahlen auf eine ästhetische Art und Weise sugestiv werden. Der Autor uberträgt durch eine einfache Optik das stille Geheimnis der Gegenstände. Die Atraktivität der Motive wie z. B. Etno - motive ändert nichts in seiner ursprunglichen Idee und Ergebniss. In diesen verschiedenen thematischen Einheiten ist vor allem der seibe Sinn für unmittelbare und deutlichen Artikulation zu spüren, und wenn das eine Routine ist, dann die ist sicherlichen mit Kenntissen und Fähigkeit und einem besonderm ästhetischen Gefuhi fur Fotografie verbunden.

Vladimir Velickovski, mietglied der AICA





Валбона и Зоран Атанасковски, 091 335 935, Скопје, Македонија нас. Даме Груев Пелинце 8
Valbona i Zoran Atanaskovski, 9949 3089503963 Berlin, Germany, Boelcke str. 124 12101 Berlin

# VALBONA & ZORAN



CIP - КАТАЛОГИЗАЦИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈА
НАРОДНА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

76.036.(497.7)(060.64)
ИЗЛОЖБА
Валбона и Зоран Атанасковски, комесар на изложбата
Зоран Читкушев;
Превод: Панчо Кимов - Завод за заштита на спомениците
на културата и Народен музеј - Штип
Директор, Зоран Георгиевски
2000 г. Штип, 2 август С 27х21 8 стр. илустр.

*ИСКРЕНА БЛАГОДАРНОСТ НА*

*ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА*